**Член 7**

Сите трошоци за услугата преносливост на броеви во мрежата на носителот на набавката согласно овој Договор, се вклучени во понудените цени.

**Член 8**

Предмет на набавка е:

1.Фиксна телефонија

- Набавка на четири (4) телефонски линии

2.Интернет услуги

Согласно Спецификацијата од Тендерската документација.

Цените на сите останати услуги кои не се содржани во финансиската понуда на носителот на набавката, истиот ќе ги обезбедува по цени не повисоки од официјалните цени за постпејд услуги.

**Член 9**

Договорниот орган има право по претходно писмено барање доставено до носителот на набавката да исклучи корисник во еден правец, согласно со применливите законски одредби од оваа област.

**Член 10**

Доколку е потребноза користење на услугите за фиксна телефонија и интернет со веб хостинг, Носителот на набавката ќе му даде опрема на Договорниот орган на користење додека трае обезбедувањето на услугата.

Договорниот орган се обврзува да се однесува како добар домаќин кон опремата која е дадена на користење.

Доколку настане штета, кражба или уништување на опремата освен во случај на виша сила, Договорниот орган е должен да ја надомести целата вредност на опремата,

Доколку се утврди дека опремата е расипана без вина на Договорниот орган, истиот не смее да ја отвара или поправа истата, туку за истото треба да го извести Носителот на набавката и да му ја достави на Носителот на набавката според соодветната процедура на Носителот на набавката.

По истекот на времетраењето на овој Договор согласно член 19 или во случај на раскинување на договорот, Договорниот орган се обврзува да ја врати опремата која му била дадена за користење на услуга за фиксна телефонија и интернет со веб хостинг, во спротивно истата ќе се наплати согласно официјалниот Ценовник на Носителот на набавка.

## ТЕЛЕФОНСКИ ИМЕНИК

**Член 11**

Договорните страни се согласни договорниот орган дополнително да достави податоци што ќе бидат внесени во Телефонскиот именик и Службата за информации за броеви од Телефонскиот именик кои ги води Давателот на универзална услуга, за да може да дава податоци на заинтересирани страни.

## ЗАБРАНА ЗА КОМЕРЦИЈАЛНА УПОТРЕБА

**Член 12**

Овој Договор ќе се применува единствено за договорниот орган. Носителот на набавка ги обезбедува услугите само на договорниот орган за негова сопствена употреба. Секоја комерцијална употреба или препродажба на гореспоменатото, нудење на услугите од носителот на набавката на трети страни, индивидуи или правни лица, се забранува.

## ЗАБРАНА ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ

**Член 13**

Договорниот орган нема право да ги пренесува условите надвор од постојниот договор, или било кои од неговите права или обврски опфатени овде или